ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка" бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 09-1263/1
25-09. 2024

Врз основа на Правилникот за начинот на остварување на право на еднократна парична помош на лица со попреченост кои живеат на територијата на Општина Македонска Каменица бр.08-1901/1 од 27.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го објавува следниот:

ЈАВЕН ПОВИК

Општина Македонска Каменица застапувана од Градоначалникот Димчо Атанасовски упатува Јавен повик до лица со попреченост и семејства на лица со попреченост кои живеат на територијата на Општина Македонска Каменица, за доставување на барање за финансиска помош од Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2024 година.

За остварување на финансиската помош од Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2024 година, до Општина Македонска Каменица потребно е да се достават следните документи:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Изјава за користење на личните податоци;
-Фотокопија од важечка лична карта;
-Фотокопија од извод од матична книга на родените или венчаните како доказ за сродство;
-Потврда за жителство;
-Наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лица со попреченост;
-Наод и мислење на Службата за функционална потреба (МКФ);
-Потврда дека лицето остварува право на надоместок заради попреченост врз основа на конзилијарно мислење;
-Друга медицинска документација која може да послужи како доказ дека лицето ги исполнува условите од член 5 на Правилникот;
-Фотокопија од трансакциска сметка.

Јавниот повик се однесува за лица жители на Општина Македонска Каменица.

Потребната документација може да се достави до **Архива** на Општина Македонска Каменица (соба бр.1) или на е-адресата на Општина М.Каменица **opstina@makedonskakamenica.gov.mk** во рок од еден месец сметано од денот на објавувањето на Јавниот повик.

Општина Македонска Каменица
Градоначалник,
Димчо Атанасовски

Изготвил: Анета Темчева